NLB Banka

До

**Министерство за финансии**
**Република Северна Македонија**


НЛБ Банка АД Скопје

Мајка Тереза 1
МК-1000 Скопје
Т: +389 2 5100600
SWIFT: TUTNMK22
www.nlb.mk


## Известување

Почитувани,

Постапувајќи согласно член 6 став 2 и член 8 став 2 од Закон за отпис на камати и репрограмирање на долгови и трошоци на физички лица (Сл.Весник на РСМ бр.31 од 10.02.2020 година) со кој се предвидува можност за отпишување на пресметани камати и репрограмирање на главниот долг и трошоците кои произлегуваат од старите извршни судски предмети трансферирани/пренесени кај нотарите и извршителите до 31.12.2011 година, како и предмети кои се дадени за извршување за наплата на долгови кои произлегуваат од услуги од вршители на комунални дејности и сродни дејности пред извршители заклучно со 31.12.2017 година, Ве известуваме дека на ден 15.05.2020 година Управниот одбор на НЛБ Банка АД Скопје, во законски определениот рок, ги донесе следните Одлуки:

1. Согласно член 6 став 1 од Закон за отпис на камати и репрограмирање на долгови и трошоци на физички лица (Сл.Весник на РСМ бр.31 од 10.02.2020 година) ,,Одлука за примена на одредбите од Закон за отпис на камати и репрограмирање на долгови и трошоци на физички лица,, со која се одобрува примената на одредбите од цитираниот Закон за отпишување на пресметани камати и репрограмирање на главниот долг и трошоците кои произлегуваат од старите извршни судски предмети трансферирани/пренесени кај нотарите и извршителите до 31.12.2011 година, **ДА НЕ СЕ ПРИФАТИ**.

2. Согласно член 8 став 1 од Закон за отпис на камати и репрограмирање на долгови и трошоци на физички лица (Сл.Весник на РСМ бр.31 од 10.02.2020 година) ,,Одлука за откажување од трошоците за деблокирање на сметките на должниците чии долгови се отпишани согласно одредбите од Закон за отпис на камати и репрограмирање на долгови и трошоци на физички лица,, со која НЛБ Банка АД Скопје, како носител на платен промет, **ГО ПРИФАЌА** предлогот да се откаже од трошоците за деблокирање на сметките на Должниците физички лица, чии долгови се отпишани согласно со одредбите од цитираниот Закон.

Скопје, 18.05.2020 година

Со почит

Сектор за правни работи и секретаријат


ЕМБС: 4664531
Даночен број: 4030993191133
Решение на Гувернерот на НБРМ:
бр. 1849 од 11.03.2008 година
бр. 7421 од 05.11.2010 година
бр. 8233 од 20.10.2011 година
бр. 15814 од 30.04.2013 година
бр. 18766 од 26.05.2015 година
бр. 13467 од 11.04.2016 година